Проектот е финансиран од Европската Унија

Проект: Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права

КОНЕКТ

Бизнис Конфедерација
Business Confederation

# 5 ЧЕКОРИ

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВЛИЈАНИЈАТА НА ВАШИОТ БИЗНИС ВРЗ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

### ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ПРЕТХОДНАТА ПРОВЕРКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА


Global Compact Network Germany

twentyfifty®

Global Compact Network North Macedonia

Напомена: Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европ-ската Унија. Ставовите изразени во овој документ се ставови на Конект и не ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

**Издавач:** Здружение Конект Скопје

**Проект:** Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права

**За издавачот:** Никица Кусиникова

**Уредник на изданието на македонски и албански јазик:** Никоца Кусиникова

**Дизајн и печатење на изданието на македноски и албански јазик:** Аркус дизајн Скопје

**Превод од англиски на македонски и албански јазик:** Лингва експерт

**Тираж:** 200 на македонски јазик и 100 на албански јазик

Наслов на оригиналот: **5 Steps Towards Managing the Human Rights Impacts** of s**our Business: Getting Started with Human Rights Due Diligence, Global Compact Network Germany, Twentyfifty Ltd.**

© **Global Compact Network Germany 2015**

Објавено од: **Deutsches Global Compact Netzwerk**

**Концепт и urednички тим на оригиналниот текст**

Лариса Дитрих | **twentyfifty Ltd.**

Медлин Коалик | **twentyfifty Ltd.**

Филип Блекман | **Global Compact Network Germany**

**Благодарност до:**
MonikaBehlIKümmel&Co.GmbH,RuthHopfer-KubschIStudiosusReisenMünchenGmbH, UlrikeUpmeyerIHARTINGKGaA,JohnWieselIitembaseGmbH,LukeWildeItwentyfifty Ltd.& UdoWoidneckISTEAGGmbHза нивните корисни коментари и податоци обезбедени за оваа публикација.

Конект и се заблагодарува на Германската мрежа на Глобалниот договор за нејзиниот дарежлив придонес кон проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“.

# 5 ЧЕКОРИ

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВЛИЈАНИЈАТА НА ВАШИОТ БИЗНИС ВРЗ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

### ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ПРЕТХОДНАТА ПРОВЕРКА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

2019

Проектот е финансиран
од Европската Унија

Проект: Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права

КОНЕКТ

Бизнис Конфедерација
Business Confederation

Проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“ (референтен бр. EuropeAid/155319/DD/ACT/MK) е проект финансиран од Европската Унија и имплементиран од Здружението Конект и Бизнис Конфедерација. Проектот има за цел поттикнување на економските и социјалните права во приватниот сектор во земјата преку унапредување на бизнисот и човековите права. Специфичните цели на проектот се активно учество на релевантните чинители во политичкиот дијалог и подигнување на свеста во однос на Водечките принципи на ООН за бизнис и човекови права (ВПОН), како и подобрено разбирање, капацитети и знаење во врска со водичите за бизнис и човекови права од страна на бизнис заедницата. **www.konekt.org.mk**

Global Compact
Network North Macedonia

Мрежата на глобалниот договор на Северна Македонија е првата мрежа во земјата посветена на подобрување на корпоративната општествена одговорност основана во 2004 година. Таа вклучува 16 активни членки што претставуваат компании, граѓански организации и други чинители.

Global Compact
Network Germany

Глобалниот договор и Германската мрежа на Глобалниот договор **(DGCN)**
Глобалниот договор беше иницирaн од Обединетите нации во 2000 година. Тој претставува стратешка и меѓународна платформа за учење и дијалог за одржлив и одговорен бизнис, којашто вклучува граѓански организации, бизниси и национални влади. Во соработка со своите партнери, Глобалниот договор го оформува меѓународниот дијалог за одржливост и развој на деловни стратегии и алатки за постигнување на истиот. Како платформа за учење и дијалог со повеќе чинители, во рамките на својата работа, Глобалниот договор одржува веб-семинари, работилници, обуки, конференции и технички форуми. Преку локалните мрежи, коишто организираат и водат многу од овие настани, бизнисите можат да ги унапредат темите за одржливост кои според нив заслужуваат и да имаат активна улога во обликувањето на дијалогот. Германската мрежа на Глобалниот договор е една од најактивните во светот со повеќе од 370 учесници во моментов. **www.globalcompact.de**

twentyfifty®

**twentyfifty Ltd.**

„twentyfifty Ltd“. е компанија за менаџмент консалтинг што работи со мултинационални компании и нивните глобални вредносни текови со цел тие да го разберат и да управуваат со општественото влијание користејќи ја рамката за човекови права. „Twentyfifty“ има повеќе од десетгодишното искуство во поддршка на компаниите да ја преточат нивната определба за почитување на човековите права во практика и да ги имплементираат Водечките принципи на ОН. „Twentyfifty“ работи во многу земји, со посебен фокус на рударството и металургијата, технологијата, туризмот, прехранбената, ткстилната индустрија итн..
„Twentyfifty“ ги комбинира основните способности на организацискиот развој и вклучувањето на чинителите, со длабинското познавање на ОН и глобалните рамки за човекови права. Компанијата ги поддржува своите клиенти во развојот и управувањето со програми за општествена одговорност; инкорпорирање на почитувањето на човековите права во стратегите, политиките и процесите; и градење на капацитетите преку обуки и поддршка при спроведување на одговорни деловни практики.  **www.twentyfifty.co.uk**

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................ 06

Зошто ми е потребен проактивен пристап
кон човековите права? ........................................ 09

ЧЕКОР 1
Создади разбирање ........................................ 12

ЧЕКОР 2
Мапа на потенцијалните влијанија ........................................ 17

ЧЕКОР 3
Идентификување на постојни процеси
и недостатоци ........................................ 22

ЧЕКОР 4
Приоретизирајте ги вашите активности и
утврдете ги следните чекори ........................................ 28

ЧЕКОР 5
Премин кон тековна претходна проверка ........................................ 38

# ВОВЕД

Основното истражување спроведено во рамките на проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“ вклучуваше дигитален мониторинг на 59 компании од списокот на 200 најголеми и најуспешни компании во земјата, како и анкета со над 100 компании од сите големини и индустрии. Резултатите покажаа дека поголемиот дел од компаниите имаат некаква форма на изјава за етичко работење што вклучува грижа за вработените, клиентите, животната средина и сл. Само 28,8% од компаниите на кои е спроведено истражувањето вршат анализи на ризиците поврзани со човековите права, а само 13,6% имаат планиран пристап во овој поглед. За повеќе информации, посетете го следниот линк: http://konekt.org.mk/pottiknuvanje-na-principite-za-biznis-i-chovekovi-prava/istrazhuvanje/ .

Како претприемачи, деловни лидери, менаџери или вработени сакаме да бидеме горди на нашите компании, да бидеме позитивни во врска со работата што ја работиме и во врска со **влијанието што го имаме врз нашите заедници и поширокото општество**. Без разлика дали тоа ќе го постигнеме со развој на подобар автомобил што ќе ги носи луѓето од точка А до точка Б, со произведување здрава храна во којашто уживаат купувачите или со овозможување некому финансиски средства за да започне бизнис, ние сакаме да направиме разлика во животите на другите и ние сме наша најдобра верзија кога нашата работа ни овозможува да ги исполниме нашите лични вредности.

Како одговорни претприемачи, сакаме да ги максимизираме позитивните придобивки од нашиот бизнис и да ги избегнеме или да ги сведеме на минимум негативните влијанија. За да го постигнеме тоа, честопати се потпираме на интуицијата при носењето на одлуките. Така, она што ни изгледа погрешно, честопати е погрешно. Иако овој пристап има свој кредибилитет, бидејќи бизнисите од сите сектори и големини сè повеќе работат на меѓународно ниво, не е толку лесно да се видат или да се почувствуваат влијанијата на сите ваши одлуки. Од таа причина големите и малите бизниси се охрабруваат да воспостават **процеси за претходна проверка на човековите права, со цел да знаат и да можат да покажат**, како тие ги разбираат и ги решаваат нивните влијанија врз луѓето и општеството и да обезбедат почитување на основните човекови права.

Во овој водич е утврден едноставен и темелен процес за секоја компанија, но особено за малите и средни претпријатија, со помош на кој тие можат да започнат со идентификување на своите потенцијални влијанија врз човековите права на оние луѓе кои се директно засегнати од нивните активности и оние чиишто животи тие ги допираат преку своите односи со добавувачите или други лица. Водичот ви обезбедува алатки и пристапи

за да разберете што е она што вашиот бизнис веќе го прави за решавање на овие влијанија и во кои сегменти тој може да се подобри. Со тоа, водичот ви помага да ги преземете вашите први чекори кон спроведувањето на претходна проверка на човековите права.

Тој е структуриран во 5 основни чекори:

- **ЧЕКОР 1** – Создади разбирање
- **ЧЕКОР 2** – Мапирање на потенцијалните влијанија
- **ЧЕКОР 3** – Идентификување на постојни процеси и недостатоци
- **ЧЕКОР 4** – Презентирајте ги вашите активности и утврдете ги следните чекори
- **ЧЕКОР 5** – Премин кон тековна претходна проверка

Во рамките на секој чекор, водичот ви обезбедува низа предложени активности што можете да ги испробате и да ги прилагодите на потребите на вашиот бизнис. Предложените активности се илустрирани преку примери од фиктивната компанија „Чисто“ ДООЕЛ. Како поддршка на оваа публикација е развиена и онлајн платформа што содржи дополнителни референци и алатки за секој од чекорите и што ќе се ажурира на редовна основа. Секогаш кога се достапни дополнителни информации онлајн, тоа ќе биде обележано со овој знак:

## „ЧИСТО“ДООЕЛ

„Чисто“ е мал семеен бизнис од Северна Македонија за производство на производи за лична нега и хигиена за домашниот пазар и пазарите во ЕУ. Компанијата поддржува работно опкружување коешто се одликува со почит и одржува долгорочни односи со клиентите и добавувачите. Поголемите корпоративни клиенти редовно вршат ревизија на работата на „Чисто“. Неодамна, еден голем клиент од ЕУ побара дополнителни информации за пристапот на „Чисто“ во однос на човековите права. Ова предизвика интерни дискусии на ниво на највисокиот менаџмент. Како резултат на тоа, една раководителкатана производство на „Чисто“ доби мандат да собере дополнителни информации и да му предложи можни следни чекори на менаџментот на компанијата.

Овој водич не се обидува да опише како да се воспостави „совршен“ процес за претходна проверка на човековите права, туку да го надмине недостатокот на информации и насоки што постои кај компаниите кои започнуваат со процесот. Водичот се базира на повеќе од десетгодишното искуство на компанијата за менаџмент консалтинг „Twentyfifty“ во пружање поддршка на компаниите за почитување на човековите права, насоки за добри практики онаму каде што е соодветно и споделување на лекциите научени од компаниите во Групата за кооперативно учење за човековите права од Германската мрежа на Глобалниот договор. Во него се вклучени и и повратни информации добиени од преглед на содржините на овој прирачник од малите и средни претпријатија.. Покрај тоа, направени се надополнувања врз основа на проценката на потребите на компаниите во Северна Македонија со цел да се осигура применливоста во локалениот контекст. Ако сте подготвени да ги направите првите чекори, продолжете и преминете директно на чекор 1 на страница 12. Ако ви се потребни малку повеќе основни информации или убедување, во следниот дел се дадени повеќе детали.

# ЗОШТО МИ Е ПОТРЕБЕН ПРОАКТИВЕН ПРИСТАП КОН ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА?

Технологијата и глобализацијата им овозможија дури и на малите компании да купуваат и да продаваат низ целиот свет. Колку што се подолги и посложени ланците на добавувачи и тековите на вредности на бизнисите, толку повеќе бизнисите се оддалечуваат од нивните влијанија врз луѓето што ги произведуваат, транспортираат, продаваат или купуваат нивните производи. Во овие услови, идентификувањето на целиот спектар на влијанија што нашите деловни одлуки можат да ги имаат врз човековите права, не е едноставна задача.

На пример, набавувањето и увозот од земји, како што е Кина, каде што трошоците за производство се ниски им помага на компаниите да обезбедат производи со ниски цени за своите клиенти. Но, брзиот раст на производството и слабите стандарди за безбедност доведоа до сериозни влијанија врз илјадници работници. Објавите на медиумите во нашата земја ги потенцираат лошите услови за работа во некои домашни компании и странски инвестиции. Исто така, во Европа слично како и во Северна Македонија, компаниите се соочуваат со предизвици поврзани со човековите права, како што е обезбедување на родова рамноправност на работното место.

Овие примери покажуваат дека бизнисите можат да влијаат врз човековите права без оглед каде работат, вклучувајќи ги тука и земјите каде што има закони за детално регулирање на овие прашања.

Овие и други инциденти предизвикаа зголемен интерес на јавноста за тоа како компаниите го вршат својот бизнис во рамките на сите сегменти и за тоа како ги пренесуваат своите вредности низ ланците на добавувачи и во заедниците каде делуваат. Поголемите бизниси што работат на глобално ниво и имаат силен идентитет на брендот добиваат се повеќе критики од медиумите, потрошувачите, граѓанското општество и инвеститорите врз основа на нивните влијанија врз човековите права и тие ги пренесуваат таквите очекувања на малите и средни бизниси во нивниот ланец на набавки. Бидејќи нашата економија станува поинтегрирана во ЕУ и глобалните пазари, проактивниот пристап во однос на придржувањето кон Водечките принципи за човекови права ќе стане предуслов за работа за нашите компании што се добавувачи и деловни партнери на големи меѓународни компании. Загриженоста и потребата од поодговорно делување на бизнисите

во глобалната економија доведе до развој на глобална рамка со која за прв пат се утврдува дефинирана општествената одговорност на пртпријатијата за почитување на човековите права.

Водечките принципи за бизнис и човекови права на Обединетите нации (ОН), усвоени од Советот за човекови права на ОН во 2011 година, го утврдија основното општествено очекување дека **бизнисите ќе ги почитуваат човековите права**, што значи дека нема да имаат негативно влијание врз човековите права. Човековите права обезбедуваат еден универзално признаен стандард кој на владите и корпорациите сѐ почесто јавно им се поставува од страна на граѓанското општество. Водечките принципи на ОН веќе имаат влијание врз дебатата за одржливиот развој во ЕУ и во креирањето на националните политики.

Владите ширум светот подготвија Национални акциони планови за нивно спроведување, а многу бизниси се обврзаа на и започнаа со нивна практична имплементација. Вашите деловни клиенти можеби веќе започнале да поставуваат прашања за тоа како осигурувате дека вашиот бизнис ги почитува човековите права.

Накратко, почитувањето на човековите права значи дека вашиот бизнис треба да ги третира сите луѓе што се под влијание на вашите активности, производи и услуги со почитување на нивното човечко достоинство и основните слободи. Од компаниите се очекува да **„знаат и да покажат“** дека ги почитуваат човековите права во рамките на нивното секојдневно деловно работење. Исполнувањето на одговорноста за почитување бара интегрирање на почитувањето на човековите права во деловното работење преку соодветни политики и процеси за претходна проверка и создавање на механизми за пријави, постапување и надокнадување на можни штети.

Од компаниите се очекува проактивно да идентификуваат каде можат да имаат или каде имаат негативно влијание врз човековите права и да обезбедат преземање на соодветни мерки за да ги спречат, ублажат и по потреба да ги отстранат истите. Во суштина, претходната проверка на човековите права е проактивна алатка со која компаниите систематски можат да ги идентификуваат, проценуваат, спречуваат и отстрануваат негативните влијанија врз луѓето - преку деловни структури, политики, процеси и што е најважно, секојдневно етичко однесување и одлучување на менаџерите и вработените.

Интегрирањето на почитување на човековите права е тековен процес на учење што ќе изгледа различно за секоја компанија, во зависност од големината и структурата на компанијата, локацијата, производите, видовите на деловни односи и придружниот ризик за предизвикување негативни влијанија.

Ако бидете проактивни во идентификувањето и решавањето на вашите влијанија врз основните човекови права на луѓето ќе имате јасни деловни придобивки. Тие можат да вклучуваат, но не се ограничени на:

- подготовка за или исполнување на барањата на регулативата што ќе стане обврзна;
- исполнување на барањата на клиентите;
- подобрување на управувањето со ризиците;
- избегнување и намалување на менаџерските, оперативните и правните трошоци;
- заштита на угледот;
- истакнување како доверлив партнер во споредба со конкурентите;
- ирадење подобри и поодржливи односи со добавувачите;
- подобрување на кредитоспособноста;
- подобрување на услугите за потрошувачите, особено за групите ранливи потрошувачи и управување со квалитетот на производите;
- задоволство и задржување на вработените.

Претходната проверка на човековите права не бара да се започне од нула. Компаниите веќе имаат воспоставено разновидни процеси на коишто можат да ги надоградат, а користењето на „агол на гледање“ за човекови права може да доведе до нови сознанија за процесите, како што се стандарди за безбедност на производите, проверки на ризиците, управување со персоналот или практики поврзани со животната средина. Петте чекори утврдени во овој водич ви помагаат да истражите како да напредувате во однос на вашиот пристап кон претходната проверка на човековите права.

ЧЕКОР 1 | ЧЕКОР 2 | ЧЕКОР 3 | ЧЕКОР 4 | ЧЕКОР 5

# Создади разбирање

## Цели на овој чекор:

- Запознавање со основните елементи и со концепти во врска со пристапот кон човековите права;
- Разбирање што значат човековите права во контекст на бизнисите и за вашиот сектор;
- Разбирање на концептите на влијанијата и засегнатите поединци и групи.

## Пристап и можни активности:

Треба да започнете со градење на основно знаење и разбирање за човековите права и опсегот на можните влијанија кои деловните активности и односи можат да ги извршат врз нив. Ви препорачуваме да се запознаете со:

- Основниот концепт на човековите права;
- Влијанието што бизнисите можат да го имаат врз нив и релевантните прашања поврзани со човековите права во вашиот сектор.

Ова ќе ви помогне да се подготвите за мапирање на потенцијалните влијанија врз човековите права на вашиот бизнис во следниот чекор.

### Пристапот на бизнисите кон човековите права вклучува:

- разбирање како вашиот бизнис може да влијае врз луѓето преку сопствени активности и деловни односи;
- земање предвид на ризиците да им се наштети на луѓето, а не само на деловните ризици;
- земање предвид дека некои поединци или групи може да се соочат со поголем ризик да бидат повредени од другите, на пример, деца, малцинства, лица со попреченост, итн;
- разбирањето дека штетата не може да се компензира со активности со позитивно влијание;
- и на крајот, спречување и сведување на минимум на негативните влијанија и зголемување на позитивните влијанија врз луѓето.

## Што се човекови права?

Идејата за човековите права е едноставна колку што е и моќна: тргнува од тоа дека сите луѓе имаат право да бидат третирани со достоинство. Човековите права се основни права и слободи коишто им припаѓаат на сите човечки суштества без исклучок. Секоја личност има право да ужива човекови права без дискриминација.

Тие ги вклучуваат правата на работниците, но не се ограничени само на нив.

Човековите права се однесуваат наосновните човечки потреби и вклучуваат широк спектар на прашања, како што се безбедност, домување, вода, приватност, дискриминација, слобода на изразување, работни услови и сл. Концептот на човековите права се заснова врз основните вредности, како што се слобода, почит, еднаквост, достоинство, еманципација и одговорност.

Човековите права честопати се изразуваат и се гарантираат со закон, на пример во форма на меѓународни договори и се преточуваат во национални закони. Меѓународната повелба за човекови права (Универзална декларација за човекови права и два пакта за спроведување) и основните конвенции на Меѓународната организација на трудот (МОТ) го сочинуваат минималното јадро на меѓународно признати човекови права.

Човековите права на специфичните групи се утврдени во посебни договори, како што е Конвенцијата за правата на детето (CRC) или Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW).

За да добиете чувство за широчината на човековите права, предлагаме да ја прочитате Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, документ што претставува пресвртница во историјата на човековите права.

Посетете ја веб-страницата на Конект и Ресурсниот центар за бизнис и човекови права и пребарајте ги информациите за вашиот бизнис сектор или компаниите од вашиот сектор за да добиете чувство за кои прашања поврзани со човековите права станува збор. Насловите од медиумите дадени подолу се однесуваат на некои примери за влијанијата на бизнисите врз човековите права. Кои од нив би можеле да бидат релевантни и за вашиот бизнис сектор?

| Примери за влијанија на бизнисот врз човековите права преземени од медиумите | Примери за човекови права изложени на ризик |
|---|---|
| Убиствено добра облека: текстилниот сектор мора да се соочи со ризиците за снемување водат | →Право на живот<br>→Право на соодветен животен стандард<br>→Право на вода и санитација,<br>→Право на здравје, .... |
| Дали приватноста ќе ја преживее дигиталната ера на корпоративен надзор? | →Право на приватност<br>→Право на слобода на мислење, совест и вера<br>→Права на слобода на изразување и мислење, ... |
| Северна Македонија плодно тло на економски робови | →Право да не биде подложен на ропство, потчинување или принудна работа<br>→Право да не биде подложен на тортура, или на суров, нехуман или понижувачки третман или казна.<br>→Право да ужива во праведни и поволни услови за работа, ... |
| Најалармантен во моментов е податокот за радикално ниската застапеност на жените во индустријата на информатички технологии | →Право да ужива во праведни и поволни услови за работа<br>→Право на семеен живот<br>→Право на еднаквост пред законот, еднаква заштита со закон, и права на недискриминација, .... |
| Потенцијалните опасности за загадување на животната средина со отворањето на новите рудници за бакар, злато и сребро во југоисточниот дел. | →Право на живот<br>→Право на здравје<br>→Право на соодветен животен стандард<br>→Право да ужива во праведни и поволни услови за работа, ... |
| Маркетинг и рекламирање на деца: поврзани проблеми | →Право на здравје |

Во Графикон I подолу се дадени можнина поединци и групи врз чии права би можело да се изврши (негативно) влијание со деловните активности или односите на една компанија. Од нив, некои веројатно ќе имаат поголем предизвик да се слушне нивниот глас и ќе бидат со поголем ризик да бидат повредени од другите. Примери за тоа се децата кои живеат во заедниците околу производствените капацитети или работниците мигранти вработени од добавувачи или деловни партнери. Размислете за тоа за која од овие групи постои најголема веројатност да биде засегната од работењето на вашиот сектор! Дали некоја група недостасува?




*I . Потенцијално засегнати групи*

## „ЧИСТО“ДООЕЛ

**По консултации со „Конект“ и читање на статиите во медиумите, раководителката на производство на „Чисто“ откри дека:**

- Прашањата поврзани со човековите права за „Чисто“ не се однесуваат само на стандардите за работа туку и на разни дополнителни теми, на пример, безбедност и маркетинг на производот, правата на локалните компании засегнати со изградбата на земјиштето, или егзистенцијата на добавувачите;
- Во рамките на процесот на пристапување кон ЕУ, Северна Македонија ќе подготви национален акциски план, па на тој начин компаниите што ги спроведуваат Водечките принципи на ОН ќе имаат предност кога ќе настапуваат на пазарот на ЕУ. Конкурентот објави политика за општествена одговорност на веб страницата на компанијата вклучувајќи и обврска за почитување на човековите права.

Ако сакате да навлезете малку подлабоко во темата влијанија на бизнисите врз човековите права, можете да се консултирате со низа воведни ресурси. На пример, публикацијата „Почитување на човековите права – воведен водич за бизнисите“ ви дава примери за студии на случај и основни информации за повеќе човекови права, на пр. правата на децата на работното место или правото на соодветен животен стандард (сместување, храна и вода). Публикацијата на ЕУ „Мојот бизнис и човековите права“ ви дава прашања кои треба да си ги поставите во врска со 15 деловни ситуации што можат да доведуваат до ризик од негативни влијанија врз човековите права и список на човекови права, со кратки примери за тоа како претпријатијата би можеле, доколку не се внимателни, негативно да влијаат врз нив.

За повеќе информации, посетете ја страницата за Дијагностика на капацитетите за почитување на човекови права на македонски јазик https://mr-sorgfalt.de/mk/hrcd/

ЧЕКОР 1 | ЧЕКОР 2 | ЧЕКОР 3 | ЧЕКОР 4 | ЧЕКОР 5

# ЧЕКОР 2 Мапирање на потенцијалните влијанија

## Цели на овој чекор:

- Подготовка на преглед на главните области за потенцијални влијанија на вашата компанија врз човековите права и на нејзините деловни односи;
- Идентификување на групи на луѓе што би можеле да бидат засегнати од вашите деловни активности и односи.

## Пристап и можни активности:

Влијанијата врз човековите права (потенцијални или реални) можат да произлезат од работењето на вашиот бизнис или да се поврзани со производството на вашите производи или услуги, или нивната употреба во рамките на целиот тек на вредности. За да добиете преглед, обидете се да создадете едноставна мапа на вашите главни деловни активности и односи, почнувајќи од суровини, производство и логистика, па се до испорака на производот или услугата до клиентот (без да се заборави на враќањето или рециклирањето ако тоа е дел од работата на вашиот бизнис).

Потоа, врз основа на вашите сознанија од чекор 1, размислете кои групи на луѓе би можеле да бидат засегнати во рамките на овој поедноставен тек на вредности и на кој начин би можело да се изврши влијание на нивните права. Разгледајте го примерот за таков преглед на потенцијалните влијанија на „Чисто“ што е даден подолу, како инспирација за тоа како да продолжите.

Корисно е да се објави кои се поединците и групите кои би можеле да се соочат со поголем ризик да бидат под (негативно) влијание од вашиот бизнис. На пример, тие може да имаат посебни барања, или за нив постои веројатност дека ќе имаат тешкотии да ги искажат своите потреби, или традиционално се исклучени од општествените текови. Како почетна точка можете да ги користите графиконите I и II и прегледот на „Чисто“ даден подолу.

Вашата почетна мапа на влијанија ќе биде несовршена и со неа ќе идентификувате области во кои ви се потребни дополнителни информации. Ова е само почетна точка и вие ќе го подобрувате вашиот преглед во текот на следните чекори.




*II. Групи под потенцијален повисок ризик*

- Можете да ги користите објавите од медиумите, информациите од граѓанските организации или други бази на податоци за подобро да ги разберете главните области на потенцијалните влијанија врз човековите права поврзани со активностите и односите на вашите компании. Тие, секако, ќе зависат од вашата дејност и од земјите во коишто работите. На пример, една фармацевтска компанија може да влијае на здравјето на своите потрошувачи преку своите производи. За една компанија за храна и пијалаци, условите за работа во земјоделскиот ланец на набавки ќе бидат многу релевантни. Во секторот на информатичка и комуникациска технологија, приватноста и слободата на изразување на корисниците ќе бидат важна област на потенцијално влијание.
- Ако сакате да направите брз преглед на главните прашања поврзани со човековите права на ниво на производ или на ниво на земја „CSR Risk Check“ алатката може да ви користи. Во портокаловото поле подолу се наведени и други извори што обезбедуваат информации за прашања поврзани со човековите права на ниво на земја. Овие извештаи и бази на податоци не се дизајнирани за деловни клиенти, па ќе треба да ги протолкувате информациите во однос на вашите конкретни деловни активности и односи и да видите како тие би можеле да влијаат на луѓето. На пример, ако владините органи вршат систематска дискриминација на жените или малцинствата, многу е веројатно дека овие групи се изложени на повисоки ризици на работното место или како дел од локалните заедници што се засегнати од нова производствена постројка или инвестициски проект во конкретната земја.
- Ако веќе имате добри контакти, и ако тоа е изводливо за вас, во оваа рана фаза можете да почнете неформално да комуницирате со синдикати, релевантни граѓански организации, бизнис асоцијации или релевантни владини органи за да разберете какви се нивните размислувања во однос на потенцијалните влијанија за вашиот сектор и компанија и да ја подобрите вашата мапа на влијанија врз основа на добиените информации.

## Извори на информации за ризици по човековите права

- Дијагностика на капацитетите за почитување на човековите права на македонски јазик
- Проверка на CSR ризик (секторски ризици и ризици поврзани со земјата)
- Пребарување на Ресурсниот центар за бизниси и човекови права по земја или сектор
- Индекс на правата на работниците по земја објавен од ИТУК
- Извештаи за состојбите на човековите права по држави што ги објавува Стејт Департментот на САД
- „Амнести Интернешнл“ и „Хјуман Рајтс Воч“ (извештаи по земји)

## Преглед на потенцијалните влијанија врз човековите права преку примерот на „Чисто“

„Чисто“ произведува козметика за лична хигиена, со доминантно високо квалификувани работници вработени на неопределено време во Северна Македонија. Суровините ги набавува од земјата и од странство. Честопати, мали количини суровини се набавуваат од локалните мали земјоделски и шумски фарми. Некои од суровините треба внимателно да се изберат. Други важни деловни партнери се давателите на услуги за логистика и добавувачите на амбалажа за пакување.

| | НАБАВКА НА СУРОВИНИ /ЛАНЕЦ НА НАБАВКИ |
|---|---|
| ОБЛАСТИ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА | ▪ Можно е постоење на опасни услови за работа и детски труд во некои земји од кои се набавува;<br>▪ Здравје и безбедност при работа во фармите и рафинериите;<br>▪ Услови за работа на времените/ сезонските работници на фармите, на пр. прекувремена работа, технолошки вишок и отпуштање по завршувањето на сезоната;<br>▪ Влијанието на користењето на пестициди врз здравјето на работниците на фармите и земјоделските заедници;<br>▪ Влијанија врз егзистенцијата, на пр. вода за пиење / пристап до земјиштето на земјоделските заедници;<br>▪ Безбедност на транспортот и потенцијална трговија на луѓе и шверц на нелегални материи;<br>▪ Поткуп и корупција во транспортниот сектор;<br>▪ .... |
| ПОТЕНЦИЈАЛНО ЗАСЕГНАТИ ГРУПИ | ▪ Работници, заедници (фарми, рафинерии);<br>▪ Работници на посредници;<br>▪ Работници на даватели на услуги за логистика. |
| ГРУПИ КОИ СЕ ОСОБЕНО ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК | ▪ Сезонски работници;<br>▪ Деца;<br>▪ Работници жени и малцинства во руралните области;<br>▪ ... |
| РЕЛЕВАНТНИ ДЕЛОВНИ ФУНКЦИИ | ▪ Набавки, управување со квалитет, логистика ... |
| РЕЛЕВАНТНИ ДЕЛОВНИ ОДНОСИ | ▪ Посредници;<br>▪ Даватели на услуги за логистика;<br>▪ Добавувачи на канцелариски материјали;<br>▪ Добавувачи на ИТ опрема; |

**Раководителката на производство на „Чисто“ подготвува прелиминарен преглед на главните области на потенцијално влијание на „Чисто“ врз човековите права, вклучително и информации за потенцијално засегнатите групи и групи што се особено изложени на ризик:**

| ПРОИЗВОДСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРОДАЖБА И КРАЈНА НАМЕНА |
|---|---|
| ▪ Дискриминација на работниците врз основа на род и различната етничка припадност;<br>▪ Безбедност на податоците и приватност на работниците;<br>▪ Здравје и безбедност при работа во производствените локации;<br>▪ Загадување и управување со отпад;<br>▪ Работно време и услови за работа,<br>▪ Исплата на минимална плата особено за потенцијални подизведувачи/ сезонски работници/етнички малцинства (на пр. подизведувачи што ги градат новите канцеларии, хигиеничари);<br>▪ ... | ▪ Безбедност и злоупотреба на производите;<br>▪ Неетички маркетинг (користење на дискриминирачки фотографии);<br>▪ ... |
| ▪ Работници во Северна Македонија;<br>▪ Работници на деловните партнери. | ▪ Подизведувачи/вработени во продажба;<br>▪ Вработени кај даватели на услуги;<br>▪ Краен корисник. |
| ▪ Жени работнички, работници со инвалидитет, лица со семејни обврски, млади работници, етнички малцинства (хигиеничари);<br>▪ ... | ▪ Млади и крајни корисници со инвалидитет, жени работнички, работници со инвалидитет, лица со семејни обврски;<br>▪ ... |
| ▪ Здравје и безбедност, управување со квалитет, човечки ресурси, истражување и развој, интерна ревизија. | ▪ Маркетинг, продажба, управување со квалитет, поддршка на корисници; |
| ▪ Добавувачи на амбалажа;<br>▪ Даватели на услуги (пр. хигиеничари);<br>▪ Даватели на ИТ услуги;<br>▪ Работници за обезбедување;<br>▪ Агенции за времено вработување. | ▪ Надворешни агенти за продажба. |

ЧЕКОР 1 | ЧЕКОР 2 | ЧЕКОР 3 | ЧЕКОР 4 | ЧЕКОР 5

# ЧЕКОР 3 Идентификување на постојни процеси и недостатоци

## Цели на овој чекор:

- Мапа на процесите на управување што вашата компанија ги има воспоставено за справување со потенцијалните влијанија и идентификување на недостатоците и потребата од дополнителни информации;
- Комуникација со другите лица во вашиот бизнис за да се подобри и финализира вашата првична мапа.

## Пристап и можни активности:

Сега веќе имате основно познавање на прашањата поврзани со човековите права што се релевантни за вашиот бизнис. Следен чекор е да направите мапа на процесите што ги имате воспоставено за да ги спречите и ублажите потенцијалните влијанија што сте ги идентификувале. Ова ќе ви помогне да разберете: дали постојните процеси се соодветни со оглед на потенцијалните влијанија на вашиот бизнис; дали има недостатоци што треба да се отстранат за да осигурите дека ефикасно сте ја спречиле појавата на негативни влијанија, или, да станете свесни за нивната појава со цел да можете да се справите со нив. Можни извори на информации се: корпоративни политики и кодекси на однесување, статистики и истражувања на мислењето на работниците, процедури за здравје и безбедност, политики за добавувачи, процеси и резултати од ревизии, системи за управување со животната средина, механизми за приговори од корисници, итн.

За да можете да ја подобрите вашата мапа, треба да вклучите други сектори и колеги во вашата компанија. Можете да ја искористите оваа можност да ја зголемите општата свест за главните потенцијални влијанија што сте ги идентификувале и да осигурите дека вашето разбирање на постојните процеси е поткрепено со експертизата и искуството на вашите колеги од релевантните сектори. Во текот на процесот ќе се најдете во позиција да ги едуцирате вашите колеги и ќе добиете повеќе информации за спектарот на влијанија што може да произлезат од вашиот бизнис.

- Можете да почнете со правење листа на клучни деловни функции што најверојатно ќе треба да бидат вклучени во справувањето со влијанијата врз човековите права што биле претходно идентификувани, како и процесите што треба да се разгледаат. Можете да го користите Графикон III како инспирација.

| Корпоративни функции | |
|---|---|
| ЧР/Вработен | Права на работниците, диверзитет, здравје и безбедност, работници со договор, синдикати, фер вработување ... |
| Синдикати | Права на работниците, диверзитет, здравје и безбедност ... |
| Усогласеност | Антикорупција, укажување (свиркање), усогласеност со општествени вредности; |
| Набавки | Услови за работа и човекови права во ланецот на набавки ... |
| Продажба и маркетинг | Злоупотреба на производи, одговорен маркетинг, приговори од корисници ... |
| Логистика | Безбеден транспорт, услови за работа кај партнерите за логистика ... |
| Управување со квалитет | Безбедност на производи ... |
| Производство | Здравје и безбедност, безбедност на производи, ... |

*III. Преглед на избрани релевантни корпоративни функции и прашања што тие ги покриваат*

### Ова може да ви помогне во комуникацијата со вашите колеги:

- Разгледајте ги формите/структурите на состаноци што се веќе воспоставени како на пр. состаноци за општествена одговорност (ООП) или работилници што можат да ви послужат како основа во вашата комуникација со колегите.
  Доколку е возможно организирајте работилница во којашто ќе вклучите колеги од различни сектори и функции. Отворете дискусија или дајте можност за доставување повратни информации преку е-пошта или телефон. Доколку е возможно, состанете се лично со колегите.
- При подготовката за состаноците, може да биде корисно да соберете аргументи зошто справувањето со прашањата поврзани со човековите права е важно за вашиот бизнис. Овие може да се однесуваат на некои од потенцијалните деловни придобивки опишани на страна 10.
- Кога ќе ја претставувате темата користете терминологија што им е позната на вашите колеги. Ова значи дека не мора нужно да зборувате за „човекови права“ со секој од нив. Фер однос, почитување, корпоративни вредности, интегритет, здравје и безбедност, безбедност на производи или да се биде одговорен бизнисмен... Ова може да бидат почетни точки за разговор со различни колеги и делови од вашиот бизнис. Кратки видеа за претставување на бизнисот и човековите права или за обезбедување на визуелен приказ на релевантните засегнати групи/примери за влијанијата врз човековите права што се релевантни за вашиот сектор можат да ви помогнат да ја направите темата поопиплива за вашите колеги.
- Во комуникацијата со вашите колеги истакнете дека ви се потребни нивните гледишта и експертиза за да продолжите и понатаму да бидете одговорен бизнис кој остварува добри резултати. Никој не сака неговата работа да има негативни влијанија врз други луѓе. Ако вашите колеги станат свесни за постојните ризици и практичните можности за подобрување, тие најверојатно ќе реагираат позитивно.
- Не заборавајте да ги вклучите вашите колеги во утврдувањето на следните чекори и да ги известите за напредокот - почитувањето на човековите права ќе биде функционално само ако сите во компанијата внимаваат на потенцијалните влијанија од секојдневните деловни практики.

- Со помош на вашите колеги подобрете ја и финализирајте ја вашата листа на потенцијални влијанија и имајте увид во процесите на управување што вашата компанија ги има воспоставено за да се справи со нив. Дали се свесни за потенцијалните влијанија што ги идентификувавте? Дали тие имаат да додадат некакви влијанија на вашата листа? Дали имаат сознанија за минати инциденти или ситуација во коишто за малку биле избегнати потенцијални влијанија? Што прават за да спречат појава на

негативни влијанија во на нивната секојдневна работа? Какви проверки и процеси има воспоставено вашата компанија? Дали има укажувања за тоа какви се нивните резултати и можните недостатоци?

- Заедно со вашите колеги, документирајте ги информациите во преглед или графикон. Тоа може да изгледа слично на прегледот од „Чисто“ даден во продолжение. Во овој момент, ќе почнете да ги идентификувате недостатоците, односно каде имате потенцијално влијание врз човековите права и каде немате или каде мерките што се воспоставени не се доволни за нивно спречување или ублажување. Овие недостатоци може да претставуваат ризици за вашиот бизнис (репутациски, правен, оперативен, и сл.), како и ризици за луѓето што потенцијално може да бидат засегнати од нив.
- Сетете се дека повеќето од вашите постојни процеси нема директно да се осврнуваат на човековите права, ниту пак секогаш ќе бидат напишани или формално утврдени. Тоа не мора нужно да претставува проблем, но мора да осигурите дека имате воспоставено соодветно ниво на проверки и заштитни мерки за да спречите појава на негативни влијанија врз човековите права, да осигурите дека ќе бидете информирање доколку нешто тргне наопаку и дека ќе можете соодветно да се справите со тоа. Претходната проверка на состојбата на човековите права не значи дека ќе бидете совршени од самиот почеток, или дека нема да правите грешки. Целта е да воспоставите проверки и да се стремите кон постојано подобрување.

„Цементарница Усје е посветена на почитувањето на човековите права во сите области на нашето делување: вработените, партнерите и пошироката заедница. Тоа го правиме преку нашите политики, работењето и комуникациските практики. Почитувањето на човековите права е преточено во клучните вредности и политиките на УСЈЕ усогласени со Групацијата Титан. Во поставувањето системски приод нѝ помага нашето членување во Глобалниот договор. Така, уште од 2008 посветено делуваме и известуваме во областа на човековите и работничките права, животната средина, етичкото управување, и анти-корупцијата.“
**г-а Магдалена Славејкова, Менаџерка за човечки рсурси и ООП, Цементарница Усје**

Кога ќе вршите преглед на вашите процеси на управување можете да ја погледнете и дијагностиката на капацитетите за почитување на човековите права на македонски јазик, алатка за самооценување со 22 прашања. Таа може да ви помогне да ги оцените вашите капацитети за управување во врска на главните елементи на корпоративна одговорност за почитување на човековите права во рамките на спектарот од „реактивен“ до „промотор и на човекови права“.

## Преглед на потенцијалните влијанија врз човековите права преку примерот на „Чисто“

На работилницата со вклученост на разновидни функции, претставниците на „Чисто“ од различни сектори направија почетен преглед на постојните процеси и недостатоци за да опфатат некои од главните области на влијание врз човековите права на Чисто:

| ЗАСЕГНАТИ ДЕЛОВНИ ФУНКЦИИ | ОБЛАСТИ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА | КАКВИ МЕРКИ СЕ УТВРДЕНИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ/СПРЕЧУВАЊЕ / УПРАВУВАЊЕ СО ТАКВИТЕ РИЗИЦИ? |
|---|---|---|
| Набавки, управување со квалитет | Услови за работа на фармите и рафинериите | ▪ Вработените на „Чисто“ за управување со квалитет повремено вршат директни посети на малите земјоделски фарми или рафинерии, но не вршат експлицитен увид во условите за работа на фармите и рафинериите;<br>▪ Договорите со посредниците вклучуваат клаузула во која е наведено дека се обврзуваат да ги почитуваат 10-те принципи на Глобалниот договор на ОН;<br>▪ Нема информација дали „Чисто“ делумно набавува сертифицирани суровини на пример со сертификат од „Rainforest Alliance“ или „Fairtrade“;<br>▪ Сето палмино масло се набавува од трговци што се членови на „Тркалезната маса за одржливо палмино масло“;<br>▪ Се спроведува годишна обука за приоритетите за набавки на „Чисто“ и стратегија за развој на производи;<br>▪ ... |
| Човечки ресурси | Дискриминација на жени/ лица со семејни одговорности, етнички малцинства | ▪ Надворешните ревизори некогаш поставуваат прашања за еднакви можности;<br>▪ Менаџментот на компанијата промовира политика на отворени врати;<br>▪ Формално, има синдикат на вработените, но не е многу активен и има ограничена улога;<br>▪ Фер третманот во процесите на вработување се наоѓа високо на агендата на раководството за ЧР;<br>▪ Утврдени се посебни мерки за претпазливост во однос на работнички во бременост;<br>▪ ... |
| Квалитет, продажба и маркетинг | Безбедност на производите | ▪ Безбедноста на производите е суштински дел од квалитетот на „Чисто“ и врвен приоритет на компанија;<br>▪ Редовни проверки на квалитет;<br>▪ Екстерни и интерни ревизии;<br>▪ Нема пријавени инциденти;<br>▪ За злоупотреба на производите и инструкции за етикетирање на производите агентите за продажба комуницираат со клиентите. |

| ИДЕНТИФИКУВАНИ НЕДОСТАТОЦИ | ПОТРЕБА ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|---|
| ▪ Нема одговорен сектор/лице за темата;<br>▪ Не се проверува валидноста на информациите што ги обезбедуваат посредниците;<br>▪ Нема воспоставено процеси за разбирање на состојбата за човековите права во новите земји на набавки или ризици поврзани со посредниците;<br>▪ Нема Кодекс на однесување или процес за ревизија за посредниците или фармите;<br>▪ Секторот за набавки ги врши набавките според цената и квалитетот на производот, во моментот не бара исполнување на дополнителни социјални критериуми при рангирањето на понудите;<br>▪ ... | ▪ Добивање дополнителни информации за процесите за оценување на квалитетот.<br>Колку често колегите патуваат на локациите од кои се набавува?<br>Какви информации тие собираат?<br>Дали некогаш имаат можност да зборуваат со работниците во фарми или рафинерии?<br>▪ Како оди процесот на земање примероци? Дали знаете како малите земјоделци се известуваат за доцнења или промени во цените?<br>▪ ... |
| ▪ Во прирачникот за работниците нема информации за недискриминација / еднакви можности;<br>▪ Не е јасно дали политиката на отворени врати е соодветен механизам за вработените да доставуваат жалби или поплаки со оглед дека нема пријавени случаи;<br>▪ Недоволна етничка разновидност ... | ▪ Дали има изјава или писмен документ кој јасно укажува на ставот на компанијата за еднакви можности / недискриминација?<br>▪ Каков е процентот на жени/мажи на раководни позиции што работат со скратено работно време?<br>▪ Дали има истражување на мислењето на компанијата што опфаќа недискриминација / еднакви можности?<br>▪ ... |
| ▪ Не се идентификувани | ▪ Не се идентификувани |

## Цели на овој чекор:

- Врз основа на вашата анализа на недостатоци, утврдете ги приоритетите што треба следно да направите за да го подобрите управувањето со влијанијата на вашиот бизнис врз човековите права;
- Дизајнирање на конкретен план за компанија.

## Пристап и можни активности:

Откако ќе ги идентификувате главните области на влијание на вашиот бизнис врз човековите права и недостатоците на вашиот систем за нивно управување, нивното отстранување може да ви изгледа како огромна задача и да не сте сигурни како да продолжите. Во претходните чекори сигурно сте идентификувале некои видливи, брзи и директни подобрувања, на пр. каде можете лесно да интегрирате некој елемент што недостасува во некоја политика или пакет за обука на релевантниот кадар. За некои други прашања можеби ќе сметате дека сѐ уште немате доволно информации за да знаете дали појавата на потенцијалните влијанија што сте ги идентификувале се навистина спречени или ублажени во пракса.

Со оглед на ограничените ресурси, вашата компанија ќе треба да го одреди приоритетот на следните чекори и да ги идентификува клучните области каде што ќе треба да се направи длабинска проценка на вашите фактички влијанија и на резултатите од вашите процеси на управување во пракса. Во овој чекор дадени се некои приоди и опции како тоа да го направите. Ова би требало да ви овозможи да подготвите конкретен план на компанијата во однос на човековите права во којшто ќе бидат утврдени краткорочните и долгорочните цели, првичната временска рамка и лицата што се одговорни за надзор и спроведување на мерките што се потребни за исполнување на вашите цели.

При спроведувањето на приодот со фокус на човековите права треба соодветно да ги опфатите сите ваши влијанија. Кога ќе одлучувате од каде да започне-

те, приоритет треба да дадете на областите за кои постои поголем ризик да имаат сериозно влијание врз човековите права. Ова се однесува на тоа:

- Колку сериозно би било влијанието врз човековите права? (на пр. животот на лицето е во опасност);
- Колкав би бил обемот на влијанието? (колку лица би биле засегнати);
- Колку тешко би било да се отстрани штетното влијание? (дали може да се надомести/отстрани/исчисти или би било неповратно, на пр. повреда или штета).

Се разбира, во пракса, веројатноста на појава на штетно влијание ќе влијае врз одредувањето на приоритетите. Тој ќе биде повисок во земја со слаби резултати во однос на состојбите на човековите права, или во ланец на набавки каде што има повеќе мануелна работа со нискоквалификувани работници, или кога работите со бизнис партнери кои имаат слаби резултати или ограничени капацитети. Други работи што треба да ги земете предвид што би можеле да ви помогнат да одредите на што да ги фокусирате вашите активности се на пр: колкави се вашите можности да влијаете врз вашите добавувачи, или други деловни партнери да ги променат нивните практики, или колку вашите колеги во одредена деловна област се ангажирани и подготвени да ги разгледаат и подобрат нивните практики.

Затоа, за различни компании ќе бидат корисни различни појдовни точки за да се утврди на што да се фокусираме следно и за што да извршите подлабока анализа. Туристички оператор кој е активен во глобалниот Југ можеби ќе сака да го фокусира своето внимание на две или три високоризични земји до коишто организира патувања. Давател на ИТ услуги со широк спектар на производи со можни проблеми со приватноста, најпрво ќе се фокусира на на производи со кои се поврзуваат највисоки ризици за негативно влијание.

## Матрица на приоритетни земји добавувачи на „ЧИСТО“

Врз основа на претходните чекори, со поддршка од Конект, „Чисто“ утврди дека најголемите ризици за негативни влијанија во моментот потекнуваат од нејзиното снабдување со суровини. Во работилница со тимот за набавки „Чисто“ ја креираше оваа матрица на приоритетни земјите кои се негови главни добавувачи:




***Y-оската*** *се однесува на нивото на ризик за потенцијални негативни влијанија врз човековите права во синџирот на набавка на* ***„Чисто“*** *во таа земја (утврден според тоа што* ***„Чисто“*** *набавува од земјата и ситуацијата со човековите права во земјата)*

***X-оската*** *се однесува на важноста на пазарот за набавки за* ***„Чисто“*** *(што значи колку се важни набавените стоки за* ***„Чисто“*** *за производството на есенцијални масла / достапноста на алтернативни земји за набавка)*

## Интерпретација на „Чисто“ на матрицата на приоритни земји добавувачи

Врз основа на приоритизацијата на земјите „Чисто“ одлучи да ги преземе следните активности во врска со земјите добавувачи/синџирите на набавка во четирите квадранти.

*Ризик од негативни влијанија врз човековите права*

| *Висок* | |
|---|---|
| Набавка од одговорни извори/ трети страни, сертификација на добавувачи<br>Проверете дали да се здружите со останатите во секторот за да ја зголемите предноста, на пр:<br>▪ контакти со релевантни организации од повеќе чинители / форуми, на пр. тркалезни маси за одрживо палмино масло. | Спроведете длабинска проценка на набавните практики во Индија, на пр:<br>▪ Комуницирајте со деловните партнери и добавувачи за да добиете дополнителни информации;<br>▪ Воспоставете контакт со локални граѓански или синдикални организации за да добиете повеќе информации за влијанијата;<br>▪ Размислете да работите стратешки со избраните добавувачи/ посредници за да ги зголемите перформансите;<br>▪ Доколку е можно, учествувајте во секторски иницијативи во регионот. |
| Проверете дали се воспоставени процеси што ги предупредуваат релевантните сектори ако треба да се промени нивото на ризик поврзан со оваа земја / ланецот на набавка | Проверете дали се воспоставени процеси што ги предупредуваат релевантните сектори ако треба да се промени нивото на ризик поврзан со оваа земја / ланецот на набавка |
| *Низок* | *Висок* |

*Важност за бизнисот*

Сличен пристап може да се користи за приоритизација на добавувачи, производи, услуги или земји на работење и слично, во зависност од она што е релевантно за вашиот бизнис. Давателот на финансиски услуги, на пример, можеби ќе сака да започне со соодветна приоритизација на деловните односи.

Врз основа на вашата приоритизација и дефинирањето на следните чекори, ќе треба да го документирате вашиот план во достапен формат што ќе ви помогне вам и на вашите колеги да напредувате. Активностите кои најверојатно ќе произлезат од вашата проценка на недостатоците и од приоритизацијата ќе вклучуваат:

- Промени во начинот на кој го водите бизнисот за да избегнете потенцијално или вистинско влијание и поврзани ризици;
- Обучување на поединци кои треба да препознаат и да внимаваат на одредени ризици;
- Зголемено следење на медиумите и на други извори на информации за прашања поврзани со човекови права;
- Промена, подобрување, ажурирање на постојните процеси за управување со продажба, набавки, ангажираност во заедницата и слично (или нивно прекинување);
- Формализирање или воведување на нови политики;
- Преземање на понатамошни истражувања за подобро да ги разберете влијанијата;
- Приклучување на иницијативите од индустријата;
- Идентификување на критериуми според кои ќе го мерите вашиот напредок при постигнувањето на овие цели.

*„Фармахем опстојува на македонскиот пазар и забележува континуиран развој веќе 30 години токму поради силната определба за општествено одговорно и одржливо работење. Ја разбираме важноста на човековите права и посветуваме големо внимание на постојано унапредување на односите со вработените, добавувачите и корисниците на нашите производи и услуги, ги преземаме сите мерки за безбедност и здравје при работа, се залагаме за борба против корупција и фер бизнис, а се со цел градење долгорочни релации засновани на професионалност, доверба и лојалност. Воедно, еден од водечките принципи на нашиот бизнис е и грижата за животната средина и природата“*
***г-а Винка Таневска, Директорка, Фармахем***

Во текот на овој процес и при подготовката на следните чекори, може да ви помогне да комуницирате со организации како што е Конект, здруженија во индустријата, иницијативи на секторот, иницијативи од повеќе чинители или други релевантни мрежи, како што е мрежата на Глобалниот договор на Северна Македонија. Побарајте можности за релевантен дијалог или настани за да размените најдобри практики или предизвици во имплементацијата со други компании или конкуренти.

## Нацрт план за човекови права на „Чисто“

„Чисто“ креираше првичен план кој е даден подолу со конкретни цели, одговорности и рокови. Можете да го користите како терк за да го обмислите вашиот план во соработка со вашите релевантни колеги.

| Бр. | Област | Цел | Активност |
|---|---|---|---|
| 1 | Управување | Човековите права се интегрирани во клучните процеси за анализа на ризици | нтегрирање на критериумите за почитување на човековите права во процесот на избор на земја на набавки. |
| 2 | | | Структурирање и интензивирање на консултациите со Синдикатот. |
| 3 | | | Интегрирање на критериумите за почитување на човековите права во процесот на избор на фирми посредници. |
| 4 | Обука | Обука и сензитивизирање на вработените | Подготовка на вебинар за стратегија на „Чисто“ за општествена одговорност и еколошка одржливост и влијанието врз деловните функции на „Чисто“. |
| 5 | | | Интегрирање на информациите за правата на вработените и политиката на отворени врати во прирачникот за вработени. |
| 6 | | | ... |
| 7 | Разбирање на влијанијата | Подобрување на разбирањето на влијанијата во ланецот на набавки | Спроведување пилот ревизија со високоризичните добавувачи; |
| 8 | | | Испраќање на мала делегација во Индија и организирање на размена со засегнатите групи и локални граѓански организации. |

| Одговорност | Почеток | Рок | Состојба на имплементацијата | Коментар |
|---|---|---|---|---|
| Набавки, г-а Манева | 05/2018 | 09/2020 | Не е почната | Во соработка со групата за одржливост на „Чисто“ и истражување и развој |
| Набавки | 06/20XX | 12/20XX | Не е почната | Во соработка со Квалитет и истражување и развој |
| ... | ... | ... | ... | |
| Човечки ресурси | 05/20XX | 10/20XX | Не е почната | Размислете за постојни формати/ вебинари кои ги нудат мрежите на бизниси или иницијативи од повеќе чинители |
| Човечки ресурси | 07/20XX | 08/20XX | Не е почната | |
| ... | ... | ... | ... | |
| Набавки | 05/20XX | 12/20XX | Не е почната | |
| Контакт за човекови права | 06/20XX | 12/20XX | Не е почната | |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ Studiosus



*Форум за дијалог со локални чинители во Никарагва. Извор: Studiosus Reisen*

„Studiosus“ е германски туристички оператор специјализиран за модерни студиски патувања. „Studiosus“ има 320 вработени во Германија и работи со 570 туристички водичи во туристички дестинации низ целиот свет. Одговорен за клучни одлуки поврзани со управувањето со одржливоста (вклучително и аспектот на човекови права) на „Studiosus“ е повеќесекторски **„комитет за општествена усогласеност“** кој се состои од претставници од секторите за туризам, маркетинг, односи со јавност, туристички водичи и системи за управување како и претставници на врвниот менаџмент..

Во 2011 година беше објавена студија на граѓанска организација за потенцијалните влијанија врз човековите права во секторот туризам. Раководителот за квалитет и одржливост на „Studiosus“ го искористи овој преглед за да креира **образец за самооценување во „Excel“** за подобро да ги разбере потенцијалните влијанија на „Studiosus“ врз човековите права во секоја земја во којашто работи. Оценката беше испратена до тимовите на земјите и до тимовите за набавки. Раководствата за земјите беа поттикнати да ги користат постојните состаноци и конференции за доверливи разговори лицевлице со локалните даватели на услуги со цел да добијат релевантни информации. Беше креиран краток водич за разговори со цел да им обезбеди поддршка во овој процес.

При евалуацијата на самооценувањето се потенцираа следните области за потенцијални влијанија врз човековите права во сите земји во коишто работи „Studiosus“:

- работни услови во транспортниот и угостителскиот сектор (автобуси и хотели);
- детски труд/заштита на децата;
- заштита на малцинствата од дискриминација;
- заштита на приватноста;
- влијанија врз егзистенцијата на локалните заедници (особено храна и вода и вклученост на заедницата).

Во поглед на исходот од самооценувањето за човекови права, комитетот на „Studiosus“ одлучи да ги **ревидира и да ги ажурира клучните процеси за да ублажи некои од идентификуваните потенцијални влијанија.** Тоа се однесувало на соработката со локалните даватели на услуги, ревидирање на концептот на програмата и информациите кои им се давале на корисниците. Процесот на измени се одвиваше врз основа наинтерни дискусии со други релевантни сектори во повеќе наврати. . Истовремено, темата за човекови права беше интегрирана во постојните обуки на вработените и во годишните семинари за туристичките водичи на „Studiosus“.

Процесот на ревизија резултираше со **ажурирана матрица на одржливост со мерки поврзани со човековите права за секој оддел на компанијата** (на пр. транспорт, угостителство, туристички водичи, дестинација за патување) која редовно се ажурира. Примерите за мерки воведени во изминатите години вклучуваат:

- Работни групи од повеќе сектори и различни функции во компанијата за вклучување на социјални клаузули во договорите со давателите на услуги;
- Редовни ажурирања на каталозите за корисници за да се вклучат информации поврзани со човековите права;
- Креирање на е-маил адреса за предупредување за човекови права;
- Креирање на Кодекс на однесување за добавувачи;
- Креирање на Кодекс на однесување за туристичките водичи на Studiosus за средби при патувањата;
- Креирање на Кодекс на однесување во врска со соодветното постапување при фотографирање.

ЧЕКОР 1 | ЧЕКОР 2 | ЧЕКОР 3 | ЧЕКОР 4

# ЧЕКОР 5
# Премин кон тековна претходна проверка

## Цели на овој чекор:

- Имплементирајте го вашиот план и воспоставете континуиран процес што ќе овозможи тековна претходна проверка.

## Пристап и можни активности:

Следејќи ги чекорите наведени претходно, успешно ги направивте првите чекори за претходна проверка на човековите права. Во претходните чекори ги идентификувавте релевантните потенцијални влијанија од вашиот бизнис врз човековите права и проценивте колку се добри вашите процеси за спречување и ублажување на негативните влијанија. Ги идентификувавте и приоритизиравте конкретните активности што можете да ги преземете за да го подобрите вашето работење. Понатаму ќе го имплементирате и ќе ја следите имплементацијата на вашиот план. Тоа ќе вклучува идентификување на показатели што ќе ви помогнат да ги измерите подобрувањата во вашето работење, односно бројот на вработени обучени за човекови права или бројот на договори за набавки кои се ревидирани според критериумите за човекови права. Прославете го успехот и подобрувањата и почнете да комуницирате за вашите идентификувани ризици и активности.

Процесот на темелна тековна претходна проверка ќе биде насочен кон континуирано подобрување на сите елементи прикажани во Графикон IV. Тоа значи креирање системи и процеси што се соодветни за природата и обемот на вашиот бизнис и што ќе ви овозможат да се запознаете со промените во вашиот профил на влијанија со текот на времето, да реагирате на нив, да обезбедите корекции во случај нешто да не е како што треба, да го следите вашето работење и да комуницирате за тоа што го работите со вашите потенцијално засегнати групи и со други релевантни чинители.




*IV. Компоненти од претходната проверка на човековите права*

Треба да барате можности за вклучување на човековите права кои ги нуди претстојната проверка на постојните системи, односно воведување на нови процедури за усогласеност, претстојна можност за инвестиција во нова земја, развој на нов производ или генерално ажурирање на компаниската политика. Во секој случај, тековната претходна проверка изискува ангажман во рамките и надвор од бизнисот, особено со оние групи на луѓе кои се потенцијално засегнати од вашиот бизнис. Овој ангажман ќе ви даде информации за вашите вистински влијанија, дали активностите за превенирање функционираат, дали вашите процеси се доволни и како најдобро да извршите корекција кога нешто не е како што треба. Редовната размена на информации со останатите во вашиот сектор или со компании во слична ситуација со цел да научите од своите искуства може да ви помогне со текот на времето да го подобрите и прилагодите вашиот пристап. Пред сè, треба да разберете дека претходната проверка на човековите права е процес на учење и неговата основа е проактивно, свесно испитување на влијанијата и како тие можат да се управуваат, што ќе се подобри со текот на времето.

Елиминирањето на недостатоците во вашите постојни деловни практики и воспоставувањето на континуирани практики на претходна проверка најверојатно ќе ги вклучува некои од мерките наведени во табелата подолу. На страна 40 се наведени потенцијалните следни чекори на „Чисто“.

### Воспоставување на континуирани практики на претходна проверка

| Тековната претходна проверка ќе изискува ... | Примери за имплементација и што таа може да вклучува |
|---|---|
| **Доделување на јасна одговорност и обезбедување тековен фокус на темата човекови права** | ▪ Доделување на одговорност на поединец – лице за контакт за човекови права – или (постојна) мешовита работна група со јасни линии на одговарање на врвното раководство. Ова лице/група може да дејствува како интерен консултант, координатор или говорник на темата човекови права во рамките на и надвор од бизнисот. Вашето лице за контакт треба да продолжи со започнатиот ангажман и да им го соопшти напредокот на релевантните колеги, вработени и засегнати страни. |
| **Проценка на вашето вистинско влијание врз човековите права од аспект на ризиците и недостатоците идентификувани во Чекор 3 и 4** | ▪ Добијте дополнителни информации за ситуацијата на луѓето кои се потенцијално засегнати од вашиот бизнис, на пр. вработени кај давателот на услуги или заедници кои се засегнати во вашиот ланец на добавувачи .<br>▪ Обидете се да воспоставите врска со деловните партнери и работниците во вашиотланец на добавувачи или заедници, на пр. кога патувате во земјите за набавка или производство.<br>▪ Дознајте повеќе за меѓу-сектрските иницијативи (интитуции, бизниси, граѓански организации и др.) преку собирање информации на терен.<br>▪ Прашајте ги посредниците/добавувачите за нивните практики за да се осигурите дека трудот и човековите права се почитувани. |
| **Ревидирање на клучните процеси на управување од аспект на идентификуваните ризици и недостатоци** | ▪ Променете ги вашите добавувачи или начинот на којшто водите одредена деловна активност за да избегнете ризик или за да спречите влијание.<br>▪ Ревизија на високоризичните добавувачи, преглед на критериумите за селекција на други деловни партнери, подобрување на механизмите за приговори или жалби на вработените.<br>▪ Подготовка на Кодекс на однесување за деловните партнери и добавувачите, вклучително и барање за почитување на човековите права.<br>▪ Интегрирање на човековите права во постојните процеси за анализа на ризици. |
| **Поттикнување на култура на учење и подобрување преку редовни можности за информирање на вработените и дефинирање на јасни цели за компанијата** | ▪ Креирајте алатка за самостојно учење за вработените, редовно комуницирајте за вашиот напредок на состаноците со вработените, обучете го вашиот тим за набавки, соберете ги најдобрите практики и споделете ги интерно, испратете ги клучните вработени на релевантни обуки.<br>▪ Истакнете ја вашата заложба за почитување на човековите права во вашата јавна компаниска изјава за вредностите.<br>▪ Креирајте еден или неколку клучни показатели на перформансите за релевантните сектори. |
| **Активно барајте влезни и повратни информации од надворешни чинители и засегнати страни за подобро да ги разберете вашите влијанија и потенцијалните жалби и да го подобрите постапувањето по жалбите** | ▪ Воспоставете контакт со претставниците на синдикалните организации и граѓанските организации во матичната земја и во земјите на производство.<br>▪ Повторно размислете како засегнатите страни можат да комуницираат со вашиот бизнис во случај на жалби или приговори поврзани со негативните влијанија врз човековите права и како би можеле да го подобрите нивниот пристап до овие механизми.<br>▪ Објавувајте релевантни содржини на вашата веб страница.<br>▪ Присуствувајте на состаноци или обуки на здруженија од индустријата |

| Тековната претходна проценка ќе изискува ... | Следни чекори на ЧИСТО |
|---|---|
| **Доделување на јасна одговорност и обезбедување на тековен фокус на темата човекови права** | Управителката на производство на „Чисто“ која го започнала процесот ќе биде одговорна за водење на следните чекори и ќе дејствува како контакт лице за човекови права. Групата за одржливост на „Чисто“ која се состои од претставник од човечки ресурси, набавки, квалитет и врвниот менаџмент ќе го надгледува процесот и редовно ќе се состанува за да го оцени напредокот на „Чисто“ во однос на нивниот план за човекови права. |
| **Проценка на вашето вистинско влијание врз човековите права од аспект на ризиците и недостатоците идентификувани во Чекор 3 и 4** | „Чисто“ одлучија дека би сакале да дознаат нешто повеќе за работните услови на малите фарми во Индија. Тие контактираат со локални индиски граѓански организации (ГО) и испраќаат мала делегација на терен. Заедно со претставниците на , посетуваат мала фарма која врши производство за „Чисто“, избрана од (ГО) и организираат дискусии со работниците и членовите на заедницата. Разговорите потврдуваат повеќе ризици идентификувани во текот на канцелариското истражување во Северна Македонија. „Чисто“ дознава за можноста да учествува во оценка на влијанието врз човековите права на ниво на сектор во Индија спроведена од конзорциум од владини, деловни и граѓански организации. |
| **Ревидирање на клучните процеси на управување од аспект на идентификуваните ризици и недостатоци** | Врз основа на резултатите и увидите собрани при процесот на оценување на влијанието, „Чисто“ ги прегледува целите поврзани со резултатите на својот сектор за набавки. „Чисто“ бара од своите логистички деловни партнери во Северна Македонија да и обезбедат на компанијата документација за трудовите практики и исплата на минимални плати пред потпишување на нов договор. Редовната оценка на клучните деловни одлуки во однос на ризикот од потенцијални негативни влијанија врз соработката со релевантни сектори претставува дел од работата на групата за одржливост на „Чисто“ со поддршка од лицето за контакт за човекови права. |
| **Поттикнување на култура на учење и подобрување преку редовни можности за информирање на вработените и дефинирање на јасни цели за компанијата** | Врз основа на потребите за информации идентификувани во оценката на недостатоците, секторот за човечки ресурси на „Чисто“ ќе креира подетална програма за обука за тимот за набавки и квалитет во соработка со лицето за контакт за човекови права. |
| **Активно барајте влезни и повратни информации од надворешни чинители и засегнатите страни за подобро да ги разберете вашите влијанија и потенцијалните жалби и да го подобрите постапувањето по жалбите** | Деталите за лицето за контакт за човекови права на „Чисто“ се објавени на веб страницата на компанијата и отпечатени на задната страна од визит картите на компанијата. Сега управителката на производство на „Чисто“ повремено учествува на значајни форуми за дијалог. Таа стапува во контакт со претставници на граѓанските организации за да слушнат како тие ги разбираат секторските ризици на „Чисто“ и очекувањата во однос на механизмите за компаниски жалби. |

Се надеваме дека оваа публикација ќе биде корисна за вашата компанија да започне да врши претходна проверка на човековите права. Ако сакате да дознаете нешто повеќе, посетете ја нашата онлајн платформа или ресурсниот центар за бизнис и човекови права за дополнителни ресурси за секој аспект од претходната проверка на човековите права, вклучително и добрите практики. Бидејќи ова е релативно нова област на корпоративна практика, ви предлагаме да се здружите со други заинтересирани страни и да се приклучите на форуми за дијалог и учење организирани на пример од вашата локална мрежа на Глобалниот договор за дополнително да го развиете вашиот пристап на претходна проверка. Се надеваме дека ќе уживате во учењето и во фактот дека сте вклучени во оваа интересна област и ви посакуваме многу успех во иднина.

За повеќе информации посетете ја www.konekt.org.mk